Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоупава (Сл. Весник на РМ бр. 5/02), член 61 став 1 точка 12 (Службен Гласник на Општина Берово бр. 13/02, 18/07, 30/08 и 20/10), Градоначалникот на Општина Берово донесе:

**Интерна процедура за реализација на проектот: „Достапна администрација за лица со хендикеп"**

**Член 1**

Со оваа процедура се пропишува начинот на обезбедување на достапност на услугите во администрацијата за лицата со инвалидност, начинот на комуникација со лицата со инвалидност, обврските на одговорното лице за комуникација со лицата со инвалидност и евидентирање на дадените услуги во институциите во рамките на проектот „Достапна администрација за лица со хендикеп".

**Член 2**

Целта на проектот „Достапна администрација за лица со хендикеп" е создавање на услови во државните и јавните институции и нивните подрачни единици за лицата со инвалидност при остварување на нивните граѓански права и обврски, односно, полесен пристап до информации и услуги во одредена институција.

**Член 3**

Во Општина Берово се назначувени одговорно лице и негов заменик кои се одговорни за спроведување на лицата со инвалидност и овозможување на полесен пристап до информации, нивните права и обврски во одредената институција.

Одговорните и назначените лица задолжително ја поминуваат обуката реализирана од ЈУ Завод за социјални дејности.

Преку обуката лицата стекнуваат знаења за правата на лицата со инвалидност согласно националната и меѓународната легислатива, начини за надминување на стереотипи, предрасуди и дискриминација на лицата со инвалидност, видови на бариери со кои се соочуваат лицата со инвалидност, основни карактеристики на лицата со инвалидност и начини на комуникација согласно видот и степеност на инвалидноста.

Обуките се реализираат согласно Програмата за проектот „Достапна администрација за лица со хендикеп" и информативниот материјал „Кодекс за однесување кон лицата со инвалидост", изготвени од ЈУ Завод за социјални дејности.

Одговорните лица и ивните заменици добиваат сертификат за завршена обука за проектот „Достапна администрација за лица со хендикеп" издаден од Министерството за труд и социјална политика и ЈУ Завод за социјални дејности.

**Член 4**

Податоците за назначените лица се јавно објавени и достапни за лицата со инвалидност (име и презиме на лицето, установа, емаил адреса и контакт телефони).

Општина Берово ги објави и ги направи достапни податоците за назначеното лице и неговиот заменик во рамките на Општина Берово на својата веб страница и на огласната табла на установата.

Во Општина Берово лица за комуникација и спроведување на лица со инвалидитет и лица со пречки во развојот се: Александар Ружински и Зорица Ризовска – заменик, и двата од редот на вработените во општинската администрација. Контакт информациите се објавени на општинскиот сајт http://www.berovo.gov.mk во делот е-општина.

**Член 5**

Лицата кои се назначени и нивните заменици мора да бидат постојано достапни, во секое време од работниот ден и во зависност од потребите на лицето со инвалидност, неговите способности и можности да ги превземат сите потребни активности за реализирање на нивните барања во институцијата.

Одговорните лица и нивните заменици во зависност од потребите на лицето со инвалидност може да воспостават директна комуникација, преку електронска пошта или телефон.

При комуникацијата со лицата со инвалидност назначените лица треба да ги имаат во предвид насоките за комуникација содржани во Кодексот за однесување кон лицата со инвалидност.

Одговорните лица и нивните заменици преку процесот на организациско учење должни се да го пренесат стекнатото знаење на останатите вработени во институцијата.

Одговорните лица и нивните заменици се должни по остварувањето на граѓанските права, обврски и услуги на лицата со инвалидност да ја пополнат листата за следење на бројот на инвалидни лица кои побарале асистенција при остварување на своите права, содржана во Програмата за проектот „Достапна администрација за лица со хендикеп“.

На ниво на институција одговорните лица и нивните заменици изготвуваат извештаи, годишни и полугодишни, за реализирањето на правата, обврските и услугите на лицата со инвалидност.

Составен дел на оваа интерна процедура е и Кодексот за однесување кон лицата со инвалидност.

**Член 6**

Оваа процедура влегува во сила со денот на донесувањето и ќе биде објавена во Службен Гласник на Општина Берово.

| | |
|---|---|
| **Бр. 08-759/2** | **Општина Берово** |
| **16.03.2015 година** | **Градоначалник** |
| **Берово** | **Драги Нацински** |

# Проект: *Достапна администрација за лица со хендикеп*

## Кодекс за однесување кон лицата со инвалидност

- **Основно е да се насочите кон лицето, а не кон инвалидитетот!**
- **Културно е да се поздравите (ракувате) со лицето со инвалидност, дури и кога има ограничени можности за движење или користи протеза или е лице со оштетен вид.**
- **Пред да му пристапите на лицето за помош, секогаш прашајте го дали му е потребна Вашата помош.**
- **Лични прашања за инвалидноста не треба да се поставуваат.**
- **Немојте заштитнички да се однесувате кон лицата со инвалидитет.**
- **Зборувајте му директно на лицето со инвалидност, не на некој што е со него (родител, сопруг, придружник, толкувач).**
- **Немојте да се потпирате на нечие ортопедско помагало (инвалидска количка, штаки, бел стап). Помагалата се дел од личноста.**
- **Кога разговарате со лице со оштетен слух, бидете директно свртени кон лицето, не го повишувајте гласот, и не говорете им на уво. Лицето повеќе ќе разбере од фацијалната експресија, читање од усни или со толкувач. Може да користите и пораки во писмена форма доколку ситуацијата дозволува.**
- **Доколку подолго разговарате со лице кое е во инвалидска количка, седнете за да бидете во иста висина и да имате непречен контакт со очи.**
- **Ако разговарате со лице кое има потешкотии во говорот, и доколку не сте го разбрале, немојте да потврдувате дека сте го разбрале, туку замолете го да Ви се обрати повторно.**
- **При поздравување со лице со оштетен вид, кажете го Вашето име. Ако му нудите помош, понудете му да се потпре на Вашата рака, односно на лактот.**
- **Зборувајте слободно, користејќи секојдневни изрази, како што се: „Се гледаме“, „Се слушаме“, или „Да се прошетаме“, без разлика на видот на инвалидитетот.**
- **Бидете внимателни и трпеливи, на лицата со инвалидност им треба повеќе време за нешто да кажат или направат.**
- **Немојте премногу да ги фалите лицата со инвалидност за обавување на некоја нормална животна задача.**

**<u>Од Вас не се очекува да покажете сожалување кон лицата со инвалидност.</u>**

**<u>Кон нив однесувајте се како кон рамноправни граѓани, бидејќи тоа и се.</u>**

**<u>Придонесете за изедначување на можностите и правата на лицата со инвалидност.</u>**

**<u>ОПШТИНА БЕРОВО</u>**